Реорганизација на администрацијата во ФФМ

Потребата од модернизација и осовременување на работењето на Фудбалската федерација на Македонија, наметна потреба од реорганизација и нова систематизација на работните места. Тоа претставува и еден од приоритетите во новиот стратегиски план кој се однесува за периодот од 2016 - 2026 година.

За таа цел од страна на  Органот за управување на Фудбалската Федерација на Македонија беше спроведена сеопфатна и детална анализа за ефикасноста и продуктивноста на одделни работни позиции, за унапредување на  процесите на работа.

Беше констатирано дека постоењето на одредени работни позиции не е оправдано, што наметна рационализација на бројот на работни позиции и извршители согласно новосоздадените услови на работа.

Одржувањето на подобра организација на внатрешните ресурси,  управување со трошоците и подобрување на ефикасноста во работењето и понатаму ќе остане приоритет на федерацијата.